Република Северна Македонија
Општина Новаци
бр 09-141/1
06.02 до 26 год.
Новаци

Општина Новаци, 7211 Новаци, Република Македонија
тел. 047203060; email: opstina@opstinanovaci.gov.mk; novacio@t.mk

Врз основа на член 28 и 50 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/2025) и член 18, точка 1 и член 62 од Статутот на Општина Новаци (Службен гласник на Општина Новаци бр.7/2019) Градоначалникот на Општина Новаци ја донесе следната:

О Д Л У К А

За организирање на ПОВТОРНА Јавна презентација и Јавна Анкета по Урбанистички план за село Рибарци, Општина Новаци за плански период 2022-2032 година.

1.Со оваа Одлука се организира повторена Јавна презентација и Јавна Анкета **по Урбанистички план за село Рибарци, Општина Новаци за плански период 2022-2032 година.**

2.Претходно се спроведува Јавен повик за спроведување на повторена Јавна презентација и Јавна анкета кој ќе трае најмалку 15 денови започнувајќи од **06,02,2026г и истиот ќе трае до 20,02,2026** година.

3.Јавниот повик заедно со Соопштението за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета ќе бидат објавени на веб страната на Општина Новаци,огласна табла на општината, информацискиот систем на е-урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат.

4.Јавната анкета ќе трае најмалку 10 работни денови од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од **23,02,2026 година до 06,03,2026 година,** а Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден **27,02,2026 година (петок)** во 12,00ч во просториите на Општина Новаци-сала на Советот на Општина Новаци.

5.Се известуваат сите заинтересирани граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот во горенаведениот рок да достават забелешки, предлози и мислења преку анкетни листови во општинската администрација, а истите можат да ги подигнат од Општина Новаци.

6. Одлуката влегува во сила со денот на донсувањето

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски